Октомври
2022

# Службен гласник на општина Пласница

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
KUZEY MAKEDONYA CUMHURIYETI - PLASNITSA BELEDIYESI
Бр.-No. 03 - 547/1
28 . 10 20 22 год.- yil.
ПЛАСНИЦА - PLASNITSA

## Број 9/2022 година Примерокот е бесплатен

17-11-1996

*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
*НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА*

*opstina_plasnica@yahoo.com*
*045/287-086*
*045/207-087*

СОДРЖИНА

1. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на квартален финансиски извештај К1 и К2 за трет квартал во 2022 година....................................................3
2. Заклучок за објавување на Програма за работа на Советот на општина Пласница за 2023 година.........................................................................................................4
3. Заклучок за објавување на Програма за зимско одржување на улиците и патиштата на територијата на општина Пласница за 2023 година...........................11
4. Заклучок за објавување на Одлука за именувањеување на членови на Советот на млади во Општина Пласница..........................................................................14

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за усвојување на квартален финансиски извештај К1 и К2 за трет квартал во 2022 година**

1. Се прогласува, Одлука за за усвојување на квартален финансиски извештај К1 и К2 за трет квартал во 2022 година, бр.08-529/3, донесена од Советот на општина Пласница на ден 28.10.2022 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 09-546/1**
**28.10.2022 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 32 став 2 и 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19 година) член 17 став 2 и 3 од Статутот на општина Пласница („Сл. Гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 год) како и согласно член 147 од Деловникот за работа на Советото на општина Пласница („Сл. гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 год), Советот на општина Пласница на12-тата седница одржана на ден 28.10.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на квартален финансиски извештај К1 и К2 за трет квартал во 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува квартален финансиски извештај К1 и К2 за трет квартал во 2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 08-529/3**
**28.10.2022 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за работа на Советот на општина Пласница за 2023 година**

1. Се прогласува, Програма за работа на Советот на општина Пласница за 2023 година, бр.08-529/4, донесена од Советот на општина Пласница на ден 28.10.2022 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 09-546/2**
**28.10.2022 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002), член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник на општина Пласница бр.05/2006 и 03/2019) и член 131 и 132 од Деловникот а Советот на општина Пласница (Службен гласник на општина Пласница бр.05/2006 03/2019 год), Советот на општина Пласница на 12-седницата одржана ден 28.10.2022 година донесе :

## ПРОГРАМА
## за работа на Советот на општина Пласница за 2023 година

### I. ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што ги даваат Уставот на Република Северна Македонија, Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот за работа

на Советот на општина Пласница, Советот на општина Пласница донесува Програма за работа за 2023 година.

Во програмата се одбележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2023 година согласно надлежностите кои се во ингеренции на Советот на општина Пласница.

Програмата овозможува транспарентност во работата на Советот и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувањата на заинтересирани субјекти и поединци од општината.

**II. ПОСЕБЕН ДЕЛ**

Во продолжение следува подетални разгедувања на актите за кои е надлежен Советот на општина Пласница во периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година.

## Во период од Јануари -Март

**1.План и програма за спроведување и реализација на годишните Програми во општина Пласница за 2023 година, постапување и ажурирање на истите.**
- **изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој:
-**разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина,
- **донесува и усвојува**: Совет на Општина Пласница

**2.План и програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Пласница за 2023 година;**
-**изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
-**разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**3. Завршна сметка на Буџетот на општина Пласница за 2022 година.**
-**изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-**разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**4. Извештај на ЈП'Комуналец"- Пласница за работата во 2022 година.**
**изработува**: ЈП'Комуналец"-Пласница,
**разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Комисија за општествени дејности,
**донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница,

**5. Програма на ЈП'Комуналец"- Пласница за работата во 2023 година.**
**изработува**: ЈП'Комуналец"-Пласница,
**разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Комисија за општествени дејности,
**донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница

6. **Финансиски план ЈП'Комуналец"- Пласница за работата во 2023 година.**
**изработува**: ЈП'Комуналец"-Пласница,
**разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Комисија за општествени дејности,
**донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница:

**7.Завршна сметка на Буџетот на Јп Комуналец Пласница за 2022 година.**
**-изработува**: Јп „Комуналец" Пласница
**-разгледува:** Комисија за финансирање на буџет и локалне економски развој
**-донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**8.Годишна програма за обука на вработените во општина Пласноца за 2023 година;**
**-изработува**: Раководно лице на институцијата,
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница

**9. Пологодишен извештај за работата на ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница за работата во 2022 година.**
**-изработува**: ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница,
**-разгледува**: Комисија за општествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

**10. Пологодишен извештј на ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани за работата во 2022 година.**
**-изработува**: ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани,
**-разгледува**: Комисија за општествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

**Во период Април-Јуни**

**1.Квартален извештаи за извршување на Буџетот на општина Пласница за прв квартал во 2023 година;**
**-изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-предлага: Градоначалникот на општината;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
**-донесува и усвојува: Совет на општина Пласница**

**2. Извештај за работа на Советот на општина Пласница во 2022 година,**
**-изработува**: Претседател на Советот на општина Пласница;
**-донесува и усвојува: Советот на општина Пласница.**

**3. Усвојување на завршна сметка на Југозападен планснки регион за 2022 година**
**-Изработува:Југозападен плански регион**
**-Усвојува и донесува:Совет на Општина Пласница.**

**4. Усвојување на Финансиски план на Југозападен планснки регион за 2022 година**
**-Изработува:Југозападен плански регион**
**-Усвојува и донесува:Совет на Општина Пласница.**

**Во период Јули-Септември**

**1.Годишен извештај за работата на ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница за работата во 2022/2023 година.**
**-изработува**: ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница,
**-разгледува**: Комисија за општествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

2. **Годишен извештај на ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани за работата во учебната 2022/ 2023 година.**
**-изработува**: ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани,
**-разгледува**: Комисија за општествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

**3.Квартален извештаи за извршување на Буџетот на општина Пласница за втор квартал во 2023 година;**
**-изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-предлага: Градоначалникот на општината;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
**-донесува и усвојува: Совет на општина Пласница**

**4.Програма за работата на ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница за работата во учебната 2022/2023 година.**
**-изработува**: ООУ„Мустафа Кемал-Ататурк" с.Пласница,
**-разгледува**: Комисија за општествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

**5. Програма за работа на ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани за учебната во 2022/2023 година.**
**-изработува**: ООУ„Јунус Емре" с.Лисичани,
**-разгледува**: Комисија за општествени дејности;
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница.

**6.Полугодишен Извештај за реализација на Годишен план за вработување во општинската администрација во општина Пласница за 2023 година;**
**изработува**: Раководно лице на институцијата,
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница

**7.Полугодишен Извештај за реализација на Годишна програма за обука на вработените во општинската администрација во општина Пласница за 2023 година;**
**-изработува**: Раководно лице на институцијата,
**-донесува и усвојува**: Советот на општина Пласница,

**Во период Октомври -Декември**

**1.Програма за зимско одржување на улиците и патиштата на територијата на општина Пласница за 2024 година;**
**-изработува:** Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
**-разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
**-донесува и усвојува:** Совет на општина Пласница.

**1. Програма за управување со отпад во Општина Пласница за 2024 година;**
**-изработува:** Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
**-разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
**-донесува и усвојува:** Совет на општина Пласница.

**3.Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони систем (водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа) и снабдување со вода за пиење на територијата на општина Пласница по населени места за 2023 година;**
**-изработува:** Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
**-разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
**-донесува и усвојува:** Совет на општина Пласница.

**4.Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2024 година;**
**-изработува:** Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
**-разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
**-донесува и усвојува:** Совет на општина Пласница.

**5.Програма за одржување на јавна чистота на територијата на општина Пласница за 2024 година;**
**-изработува:** Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
**-разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
**-донесува и усвојува:** Совет на општина Пласница.

**6. Програма за изградба, реконструкција , санација , одржување и заштита на други објекти на територијата на општина Пласница за 2024 година;**
**-изработува:** Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,

-**разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**7. Програма за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Пласница за 2024 година;**
-**изработува**: Оделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој,
-**разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**8. Програма за работа на комсијата за еднакви можности на жените и мажите во општина Пласниза за 2024 година;**
-**изработува**: Општинската администрација, координатор и заменик координатор,
-**разгледува:** Комисија за еднакви можности.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**9.Програма за дезинфекција, дезинсекција, и дератизација за 2024 година**
-изработува :Одделение за општи и правни работи
-Разгледува :Комисија за општествени дејности
-Донесува и усвојува:Совет на општина Пласница

**11.Буџет на општина Пласница за 2024 година Пласница.**
-**изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-**разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**12. Одлука за извршување на Буџет на општина Пласница за 2024 година Пласница.**
-**изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-**разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**13. Буџетски календар 2024 година Пласница.**
-**изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-**разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).

**14. Одлука за Благајнички максимун за 2024 година**
-**изработува**: Одделение за финансиски прашања;
-**разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.
-**донесува и усвојува**: Совет на општина Пласница.

**15.Квартални извештаи за извршување на Буџетот на општина Пласница за трет квартал во 2024 година;**
-**изработува**: Одделение за финансиски прашања;

-предлага: Градоначалникот на општината;
**-разгледува:** Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој (ЛЕР).
**-донесува и усвојува:** Совет на општина Пласница

**16. Полугодишен Извештај на ЈП'Комуналец"- Пласница за работата во 2023 година.**
**изработува:** ЈП'Комуналец"-Пласница,
**разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Комисија за опшествени дејности,
**донесува и усвојува:** Советот на општина Пласница:

**17.Разгелувања и усвојување на акти од обласга на месната самоуправа во општина Пласница;**
**-изработува:** Месните самоуправи формирани на територијата на општина Пласница,
**-разгледува:** Комисија за месна самоуправа,
**-донесува и усвојува:** Советот на општина Пласница.

## III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од програмата за работа на Советот на општина Пласница се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2023 година, која се сведува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2023 година.

## IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на програмите се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници кои треба да се придржуваат на законските процедури и роковите утврдени со програмата.

Во текот на 2023 година Советот на општина Пласница ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Извршувањето на Програмата ќе зависи од законските и финансиските услови со кои ќе располага општинскиот буџет и добиените средства од домашни и странски владини и невладини институции/ организации.

Прогрмата се проследува до Градоначалникот кој е надлежен за спроведување на истата и се објави во „Службен гласник на општина Пласница”.

**Број 08-529/4**
**28.10.2022 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Програма за зимско одржување на улиците и патиштата на територијата на општина Пласница за 2023 година**

1. Се прогласува, Програма за зимско одржување на улиците и патиштата на територијата на општина Пласница за 2023 година, бр.08-529/5, донесена од Советот на општина Пласница на ден 28.10.2022 година.

2. Заклучокот ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Пласница".

**Број 09-546/3**
**28.10.2022 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 член 62 став 1 точка 6 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во согласност со член 55, 60 и 62 од Законот за јавните патишта („Сл.весник на РМ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 3914, 42/14, 166/14, 44/15,116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/2021 година ) член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница (Сл.гласник на ОП бр.02/06 и 03/2019 година), и член 142 став 2 од Деловодникот за работа на советот на општина Пласница (Сл.гласник на ОП бр02/06 и 03/2019 година), Советот на општина Пласница на 12 - тата седница одржана на ден 28.10.2022 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А

за зимско одржување на улиците и патиштата на територита на општина Пласница за 2023 година

Член 1

За безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на улиците и патиштата во општина Пласница се донесува Програма со која се утврдува приоритетот, начинот на извршување и превземање на обврски за извршување на работите за зимско одржување на улиците и патиштата во населените места во општина Пласница.

Член 2

Имајќи го во предвид интензитетот на сообраќајот улиците и патиштата на подрачјето на општина Пласница се распоредуваат во две групи на приоритетна зимско одржување и тоа:

1. Прва приоритетна група:
    - Од клучката на регионалниот пат К-513 (Кичево – М.Брод) до сред село Пласница, сред село Преглово-Црколник и сред село Дворци.
    - Од клучката на регионалниот пат К-513 (Кичево – М.Брод) до сред село Лисичани.
    - Чистење на локалниот пат кој ги поврзува населените места, с.Преглово, с.Двори и с.Лисичани, на место викано Питран.
2. Втора приоритетна група:
    - Улица од сред село Пласница до Јурија-Ридж,
    - Улица од сред село Пласница, по џамија до мостот „Рамковци,
    - Улица од мостот на „Бадаловци – Мутевци до мостот на Голема Река.
    - Улица од мостот кај старата џамија до место викано „На Чуки„,
    - Улица од мостот кај Дулевци до Ибевци,
    - Улица од кај мостот на р.Прска кај Новата џамија до горниот дел на река Прска,
    - Улица од кај сред село Лисичани вдолж улица „Алтан Тепсијаж до кај Нуревци,
    - Улица од кај сред село Лисичани до кај Мифтаровци,
    - Улица од кај сред село Лисичани до новата населба –Крастица,
    - Улица од горно мало село Лисичани од трафостаница до кај Исеиновци/Ајровци, место викано Брездои,
3. Трета приоритетна група
    - Сите останати помали улици каде нема машински пристап ќе се чистат со лично учество на граѓаните.

Член 3

Зимското одржување на улици и патишта ќе се врши согласно утврдениот приоритет по оваа Програма и тоа на следниот начин:

- Во случај на голомразица и после чистење на снег ќе се врши посипување на коловозот со мешавина од индустриска сол и камен ситен;
- Во случај на снежни врнежи чистењето на снегот од коловозот ќе се чисти со соодветна механизација,а на јавните прометни површини и премини каде не гравитираат стамбени деловни и други административни јавни објектичистењето ќе се чисти рачно;
- На јавните премини на кои гравитираат стамбени, деловни и други јавни објекти (училишта амбуланта), се задолжуваат граѓаните односно правните лица кои се сопственици или корисници на истите сами да го извршат чистењето на снегот;
- Во случај на снежни врнежи поголеми од 30 см Општина Пласница во соработка со Подрачното одделение од Дирекцијата за заштита и спасување во М.Брод ќе ги превземе понатамошните работи и активности за расчистување на таквите снежни врнежи.

Член 4

Чистењето на снегот од коловозот на улиците и локалните патишта ќе се врши редовно, со обезбедување потребна минимална ширина на очистен коловоз, а по целата должина на истите.

Член 5

Чистењето на снегот започнува со почетокот на врнежите, најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и трае до целосно расчистување.

При снежни врнежи сите сопствениците, односно корисници на објекти се должни веднаш да започат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните површини, со што непречено ќе се обезбеди движењето.

Член 6

Работите на зимското одржување на улиците и локалните патишта на територија на општина Пласница ќе ги врши фирма која е избрано врз основа на јавна набавка согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Исто така општина Пласница ќе ја разгледа и можноста дополнителнително да се вклучи со своја механизација и технички персонал за успешно справување со услугата зимско одржување по населените места во општината.

Член 7

Средства за финансирање на оваа програма во износ од 150.000,00 денари се предвидени во Буџетот на општина Пласница за 2023 година, а во согласност со Програмата за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2023 година.

Член 8

Непосреден надзор над спроведувањето на работите предвидени во оваа Програма ќе врши овластено лице од страна на општина Пласница.

Член 9

Оваа Програма не е конечна и истата може да се измени и надополни во текот на 2023 година.

Член 10

Програмата за зимско одржување на улиците и патиштата на територита на општина Пласница за 2023 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Пласница".

**Број 08-529/5** — **Совет на општина Пласница**
**28.10.2022 година** — **Претседател**
**Пласница** — **Амел Рамески**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за именувањеување на членови на Советот на млади во Општина Пласница**

1. Се прогласува, Одлука за именувањеување на членови на Советот на млади во Општина Пласница, бр.08-529/6, донесена од Советот на општина Пласница на ден 28.10.2022 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 09-546/4**
**28.10.2022 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Сл.гласник на РМ" бр 5/2002) како и врз основа на член 17 став 1 точка 2 од Статутот на општина Пласница, ( Службен гласник на општина Пласница бр. 02/2006 и 03/2019 година), Советот на општина Пласница на 28.10.2022 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за именувањеување на членови на Советот на млади во Општина Пласница**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши именување на членови на Советот на млади во општина Пласница, заради подобрување на положбата и решавање на проблемите на младите во општина Пласница.

**Член 2**

За членови на Советот на Млади на општина Пласница се именуваат:

- Миралем Изејроски с.Пласница,
- Јасмин Ајрадиноски с.Пласница,
- Сахмија Азизоски с.Преглово,
- Ебрах Демироски с.Лисичани,
- Ќерима Миртоска с.Пласница
- Рамазан Деароски с. Пласница

**Член 3**

Општина Пласница за работата на Советот на млади ќе се обезбеди соодветна просторија, заради извршување на активности поврзани со младите во општина Пласница.

**Член 4**

Со влeдување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за именување на членови на Советот на млади во општина Пласница бр.08-255/8 од 17.04.2019 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на наејзиното објавување во „Службен гласник на општина Пласница ".

**Број 08-529/6**
**28.10.2022 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**